РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-4287/2
17-11-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот --------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 16.09.2019 година поднесена од подносителот --------------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4287/1 од 16.09.2019 година, во која се укажува на наводи за сомневање за незаконско постапување на судијата --------------, судија на Основен суд Охрид во судска постапка поведена по тужба за надомест на нематеријална штета од навреда и клевета во која подносителот на пријавата бил тужител против тужен-доктор специјалист невролог, вработена во ЈЗУ Општа болница Охрид-Одделение за невропсихијатрија, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4287/1 од 16.09.2019 година.

Предметот да се затвори и да сеархивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4287/1 од 16.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -----------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување на судијата -----------, судија на Основен суд Охрид во судска постапка поведена по тужба за надомест на нематеријална штета од навреда и клевета во која подносителот на пријавата бил тужител против тужен-доктор специјалист невролог, вработена во ЈЗУ Општа болница Охрид-Одделение за невропсихијатрија. Во пријавата се наведува дека судијата намерно не преземала процесни дејствија во текот на постапката и постапувала пристрасно во корист на тужената - докторот специјалист невролог.

Поводот за поведување на судската постапка бил претходно случен настан во кој подносителот на пријавата, по конфликт со своја колешка на работното место била пријавена кај докторот специјалист-невролог дека вербално и физички ја нападнала колешката на работото место. Врз основа на тие искази, докторот -специјалист невролог составил извештаи во кои дала констатации во врска со душевното и ментално здравје на подносителот на пријавата, кои биле повод подносителот да поведе судска постапка во која бара надомест на нематеријална штета од навреда и клевета против докторот специјалист невролог. Во пријавата подносителот изнесува и незадоволство од преземење на процесни дејствија од страна на судијата во Основниот суд Прилеп, дека свесно и намерно не постапувал согласно Законот за парнична постапка и во утврдените законски рокови не ги презел соодветните процесни дејствија.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и приложената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија оттаму заклучи дека нема нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk